# ОРДЕВ
# ДАНЧО

ЦЕНТАР
ЗА КУЛТУРА
И ИНФОРМАЦИИ
— СКОПЈЕ

# ОРДЕВ ДАНЧО

## СЛИКАР ОД СКОПЈЕ

*Изложбен салон на Центарот*

**од 24. IV. до 07. V. 1979 година**



ОРДЕВ ДАНЧО

Роден 1945 година во Скопје. Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб. Живее на улица „Максим Горки" број 10 — Скопје. Телефон: 221-310

Самостојна изложба: 1972 — Загреб

Групни изложби:

1970 — Војници ликовни уметници - Белград
1971 — IV Салон на младите - Загреб
1972 — V Салон на младите - Загреб
1977 — Млада генерација 3 - Скопје
1977 — XXXII Изложба на ДЛУМ - Скопје
1977 — Млади ликовни творци - Скопје
1978 — Современа македонска уметност - Бања Лука
1978 — XV Струмичка колонија - Струмица
1978 — XXXIII Изложба на ДЛУМ - Скопје
1979 — XV Струмичка колонија - Куманово

Награди:

1970 — II награда за сликарство на изложбата „Војници ликовни уметници" - Белград
1977 — II награда (I не доделена) на анонимниот републички конкурс со тема „Македонски пејзаж" за обликување на македонскиот салон во Белград

Ако еден ден се вратиш на своите сеќавања и далечните визии и на малите радости на своето босоного детство - застанеш на крстопатот на стварното и нестварното, нешто ќе те заболи во градите. А никој нема да ти рече добредојде

Патиштата зараснале со заборав, небото е оловно, полињата се безцветни и јалови, а човекот се оттуѓил од себе - од светот - од таа слика што ти ја носиш како сликарски хроничар и како немирен патеписец - скитник.

И навистина, колку носталгични сеќавања, неми прекори и враќања нудат сликите на Ордев Данчо. Прашање постои, прашањето останува - одговорот треба да



го бараме во неговите платна. Одговорот е откритието и доживувањето кое останува како порака пренесена со слика.

Ордев Данчо се појави во македонското современо сликарство од пред десетина години, кога во цел низ групни изложби го сврте вниманието на својот сликарски третман и стилската ориентација. Мотивот кој Ордев го обработува се помалку е присутен во нашето сликарство и ако некогаш имаше доминантно место во македонската современа уметност - збор е за пејзажот.

Пејзажите на Ордев Данчо даваат една нова динамика и димензија на овој мотив со јасни индивидуални одлики на уметник не излегувајќи од општиот контекст на



модерните стремежи на ликовниот феномен. Би можело да се рече дека Ордев Данчо го траспонира пејзажот во некој нов вид натуралистички симболизам или ја преобразува природата со нова снага - експресивноет, апстракција и лиризам. Ордев ја ослободува сликата од традиционалната содржинска условеност од организација на просторот и намерата конкретната стварност да ја дефинира со нејзината реалистична суштина. По се судејќи уметникот драматично или лирското чувство го претвора во непосредно ликовно доживување, односно во пиктурален траг. Со барањето и со истакнување на основното интимно внатрешно движење — како образ на објективна-



та стварност има своја трајна потреба за медитативна релација од една страна, а од друга страна за колористички силно изразување, разбуркани просторни движења на плохата. Вакво раздвижување на животните цели и пиктуралните текови на содржинаат - даваат на сликата поетично психолошка обоеност и белег.

Во понатамошна креативна постапка Ордев варира и прожима елементарни тонови во единствена мотивска целина, обогатена со пластична илузија и скоро симболична претстава на македонскиот мотив.

Сликарството на Ордев Данчо во овој момент може да не врати во некое дамнешно заборавено доживување или да не растажи односно да ни наметне некое



меланхолично расположение, како да еме сретнале одамна изгубен пријател и да се навратиме на пејзажот од својата младост и минатото.

Пејзажите на Ордев Данчо ослободени се од фигуративните претстави, така што гледачот многу лесно може да воспостави визуелно-емотивен контакт, да се пренесе во таа презентирана илузионистичка атмосфера, да во неа живее и да ја понесе како потполно и незаборавено доживување.

БОГДАН МУСОВИЌ







| | | |
|---|---|---|
| 1. | „Пејзаж" 1971 | масло на платно |
| 2. | „Улица" 1973 | „ |
| 3. | „Рашче" 1974 | „ |
| 4. | „Пат" 1974 | „ |
| 5. | „с. Сушица" 1975 | „ |
| 6. | „Пејзаш I" 1976 | „ |
| 7. | „Љубанци" 1976 | „ |
| 8. | „Македонски пејзаш" 1977 | „ |
| 9. | „Есен во Љубанци" 1977 | „ |
| 10. | „Есенско пладне" 1977 | „ |
| 11. | „Сеќавање на едно утро" 1977 | „ |
| 12. | „Мотив во црвено" 1978 | „ |
| 13. | „Скопско село" 1978 | „ |
| 14. | „Струмичко" 1978 | „ |
| 15. | „Населба" 1978 | „ |
| 16. | „Мотив од Ветуса" 1978 | „ |
| 17. | „Манастир" 1978 | „ |
| 18. | „Бранување" 1978 | „ |
| 19. | „Жолт пејзаш" 1978 | „ |
| 20. | „Светлост" 1978 | „ |
| 21. | „Пејзаш 3" 1978 | „ |
| 22. | „Чучер" 1978 | „ |

*Издавач: Центар за култура и информации — Скопје*
*Печати „Стопански весник" — Скопје*